Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 16-968/1
22-09-2026 20___ год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 35 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), а во врска со претходно издадените решенија за одобрување на учебници во рамките на соодветните наставни програми, директорот на Педагошката служба донесе

# РЕШЕНИЕ

## за повлекување од употреба на учебници за II година гимназиско образование

1. СЕ ПОВЛЕКУВААТ ОД УПОТРЕБА следните учебници:

- **Англиски јазик (прв странски јазик)** Think 2 од авторите: Herbert Puchta, Jeff Stranks, Законски застапник: Арс Ламина, бр. 22-771/1 од 28.04.2016 година (Решение за употреба на ново издание бр.26-320/6 од 12.02.2023 година);
- **Германски јазик (втор странски јазик)** Prima од авторите: Friederike Jin, Lutz Rohrmna, Magdalena Michalak, Законски застапник: Просветно Дело, бр. 22-740/1 од 27.04.2016 година;
- **Француски јазик (втор странски јазик) Versione orginale 3** од авторите Monique Denyer, Christian Olliver, Emilie Perrison, Законски застапник: Просветно дело, бр. 22-744/1 од 27.04 2016 година и
- **Италијански јазик (втор странски јазик)** Ragazzi in rete B1 од авторите: Marco Mezzadri, Paolo E. Balboni, Законски застапник: Арс Студио Тамара, бр. 22-894/1 од 26.06.2018 година

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно со членот 35 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), предвидено е дека учебниците одобрени до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да се употребуваат сè до донесување на решение за нивно повлекување од употреба.

Со оглед на тоа што во минатото, согласно со тогаш важечката законска регулатива и овластувања, решенијата за одобрување и употреба на горенаведените учебници беа донесени од страна на директорот на Педагошката служба, и со оглед на фактот дека се одобрени нови учебници за наведените предмети по новите наставни програми, исполнети се законските услови директорот да го донесе овој акт за нивно повлекување од употреба, со цел доследно спроведување на преодните одредби од Законот и обезбедување на правен континуитет во наставниот процес.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе тужба за поведување управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавувањето на актот на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

ДИРЕКТОР,
м-р Роберт Аџипетров